**Образец бр. 2**

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти финансиран со заем од Европската инвестициона банка (ЕИБ) во износ од 100.000.000 ЕВРА започна во 2009 година како мерка одговор на економската и финансиската криза, која Владата на Република Македонија ја презема со цел обезбедување на свеж капитал и ублажување на последиците од кризата врз овој сегмент од реалниот сектор.

Како резултат на големиот интерес на малите и средни претпријатија за ваков вид на кредитна линија, во 2011 година беше обезбеден нов заем од ЕИБ во износ од 50.000.000 евра како втора фаза на Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти. Втората фаза од овој проект претставуваше продолжување на поддршката на приватниот сектор од страна на Владата на Република Македонија.

Средствата во износ од 50.000.000 ЕВРА од втората фаза на Проектот беа повлечени од ЕИБ порано од предвидениот рок. Исто така, барањата на бизнис заедницата за обезбедување на свеж капитал за потребите на малите и средни претпријатија се зголемија во последните години, под влијание на факторите кои го поттикнаа развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија (поедноставена регулатива, ниски даноци, намалени трошоци за фирми, олеснет пристап до финансиски средства).

Оттука, Министерството за финансии по барање на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), на 17.02.2012 година со официјално обраќање до ЕИБ ја отпочна постапката со барање на нов заем во износ од 100.000.000 ЕВРА како трета фаза од Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти, со цел благовремено задоволување на потребите на малите и средните претпријатија во однос на нивната идна поддршка.

Заемот за проектот е одобрен од Бордот на директори на ЕИБ на 07.05.2012 година. Претставниците на ЕИБ и претставниците на Министерството за финансии и МБПР ги усогласија финалните текстови на следните документи:

1. Финансиски договор, кој треба да се склучи меѓу ЕИБ и МБПР по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – III фаза;
2. Договор за гаранција по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – III фаза, кој ќе се склучи меѓу ЕИБ и Република Македонија; и
3. Пропратно писмо за заемот на ЕИБ за мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – III фаза, кое е составен дел од Финансискиот договор и кое ќе биде потпишано од ЕИБ и МБПР.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

   Република Македонија го гарантира исполнувањето на обврските од Финансискиот договор за обезбедување на заем за Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – III фаза во износ од 100.000.000 ЕВРА, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот, доколку Македонската банка за поддршка на развојот не ги исполнува и сервисира обврските во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

   Донесување на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – III фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот со цел пристапување кон потпишување на Финансиски договор и Договор за гаранција и отпочнување со имплементација на проектните активности.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Донесување на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – III фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот.

**Опис:** Износот на гаранцијата е 100.000.000 ЕВРА. Законот ќе даде генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Финансискиот договор меѓу ЕИБ и МБПР, а кој ќе биде гарантиран со Договорот за гаранција меѓу ЕИБ и Република Македонија.

1. **Трошоци**

•Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

2. **Придобивки**

•Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Вкупните финансиски придобивки изнесуваат 100.000.000 ЕВРА.

•Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со овој заем ќе се излезе во пресрет на зголемените барања на бизнис заедницата за обезбедување на свеж капитал за потребите на малите и средни претпријатија, кои се интензивираа во последните години под влијание на повеќе фактори кои го поттикнаа развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија (поедноставена регулатива, ниски даноци, намалени трошоци за фирми, олеснет пристап до финансиски средства).

3. **Ризици и претпоставки**

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

При подготовката на Предлог законот за задолжување, направени се консултации со Македонската банка за поддршка на развојот и Секретаријатот за законодавство.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:** Донесување на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – III фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   Кристина Павловска, помошник раководител на Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг, Министерство за финансии

   Тања Бошкова, помлад соработник во Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг, Министерство за финансии

   Ана Тодоровска, помлад соработник во Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг, Министерство за финансии

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

   Наташа Стојманов, државен секретар

   Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

   Дејан Николовски, раководител на Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |

| | | |
|---|---|---|
| | Нема влијание | врз животната средина. |
| | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 06.06.2012 година<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| | Предлог законот е лекториран. | ДА |
| | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, Зоран Ставрески , изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик претседател на Влада
и министер за финансии:

................................................................................ Датум:

Изработил: Тања Бошкова/Ана Тодоровска
Контролирал: Ана Вељановска/Андрија Алексоски/ Кристина Павловска
Согласен: Дејан Николовски
Сузана Пенева
Одобрил: Наташа Стојмановска